**Прашања поставени од акционерите на Собрание на Македонски Телеком АД – Скопје одржано на 09.11.2018 година и одговори дадени од страна на Друштвото**

## II. По точката 1 од Дневниот ред: Отповикување и избор на член на Одборот на директори на Друштвото

**Прашање:** Зошто со една Одлука се одлучува и за избор и за отповикување на член на Одборот на директори?

**Одговор:**
Собранието одлучува посебно за отповикувањето и посебно за изборот на член на Одборот на директори видно од спроведеното гласање кое беше одделно за отповикување и за избор на член на Одборот на директори на Друштвото.

**Прашање:** Дали бројот на членовите на Одборот на директори утврден во Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје е согласно бројот на членови договорен со Акционерскиот договор склучен помеѓу Владата на РМ и мнозинскиот акционер на компанијата?

**Одговор:**
Бројот на членови на Одборот на директори е регулиран во Статутот на Друштвото согласно Законот за трговски друштва.